**20140882578**

**АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ**

Врз основа на член 90, став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2013 и 41/2014), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ

Член 1

Во Правилникот за геодетски работи за посебни намени („Службен весник на Република Македонија“ бр. 159/2013), во член 3 став (1), во алинејата 2 точката се заменува со сврзникот „и“, а по алинејата 2 се додава нова алинеја 3 која гласи:

„- за формирање на посебна катастарска парцела за градежното земјиште под зграда/објект/дел од објект, а зградата/објектот/делот од објектот имаат стекнато правен статус во постапка согласно со Законот за постапување со бесправно изградени објекти-канцелариски геодетски работи за посебни намени.“

Член 2

Во членот 4 алинеја 8 сврзникот „и“ се брише, а по алинејата 8 се додава нова алинеја 9 која гласи:

„- отуѓување на градежно земјиште под зграда/објект/дел од објект по стекнат правен статус на бесправно изграден објект, и“.

Алинејата 9 станува алинеја 10.

Член 3

Во членот 7 алинеја 3 сврзникот „и“ се брише, а по алинејата 3 се додаваат две нови алини 4 и 5 кои гласат:

„- изготвување канцелариска скица на катастарска парцела со нанесена новопредложена состојба;

- изготвување предлог на нова состојба; и“.

Алинејата 4 станува алинеја 6.

Член 4

Во членот 10 алинеја 15 сврзникот „и“ се брише, а по алинејата 15 се додава нова алинеја 16 која гласи:

„- канцелариска скица на катастарска парцела со нанесена ново предложена состојба; и“.

Алинејата 16 станува алинеја 17.

Член 5

Во членот 11 по ставот (22) се додава нов став (23) кој гласи:

„(23) Формата и содржината на канцелариската скица на катастарска парцела со нанесена новопредложена состојба од член 10 алинеја 16 на овој правилник, се дадени во прилог број 20 кој е составен дел на овој правилник.“

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-10195/1
29 мај 2014 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Анета Јорданова,** с.р.

Прилог бр. 20

ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ ОВЛАСТЕН ГЕОДЕТ/
ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ГЕОДЕТСКИ РАБОТИ

______________________________________
( назив и седиште )

**КО:**__________________________

**КАНЦЕЛАРИСКА СКИЦА НА КП_____**
**СО НАНЕСЕНА НОВОПРЕДЛОЖЕНА СОСТОЈБА**
Размер 1: ________

**Место и датум**
______________________

**Изготвил-геод.стручно лице:**
______________________________
(име, презиме, потпис и печат )